УНИ Банка
Универзална Инвестициона Банка

СООПШТЕНИЕ
за акционерите со право на дивиденда за 2022 година

Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката), одржано на ден 04.05.2023 година, донесе одлука за исплата на дивиденда.

Согласно донесената одлука, Банката ќе исплати дивиденда во бруто износ од 154.500.000,00 денари (сто педесет и четири милиони и петстотини илјади денари), односно бруто износ по акција ќе изнесува 282,97377 денари (двесте осумдесет и два денари и деведесет и седум дени, заокружено на две децимали).

Во врска со исплатата на дивидендата, од страна на акционерите на Банката утврден е следниот дивиденден календар:

- датумот на евиденција според кој ќе се определи листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2022 година е 23.05.2023 година;
- последен ден на тргување со право на дивиденда за 2022 година е 19.05.2023 година и
- прв ден на тргување без право на дивиденда за 2022 година е 22.05.2023 година.

Дивидендата ќе се исплати во пари. Исплатата на дивидендата ќе започне на ден 05.06.2023 година.

Исплатата на дивидендата на акционерите со право на дивиденда (правни и физички лица), ќе се изврши во денари на трансакциски сметки на акционерите во банка во Република Северна Македонија.

Заради навремено исполнување на обврската за исплата на дивиденда:

1. Акционерите **физички лица** кои имаат право на дивиденда за 2022 година, а кои сакаат дивидендата да им биде исплатена на трансакциска сметка различна од минатата година, како и новите акционери со право на дивиденда за 2022 година, се повикуваат да достават ажурирани податоци за активна платежна сметка најдоцна до 28.05.2023 година, во просториите на ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ или по пошта на следнава адреса:

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Кузман Јосифовски Питу 1, 1000 Скопје, Македонија

Телефон за контакт: +389 2 3299800

e-mail cdhv@cdhv.mk

**УНИ**Банка
Универзална Инвестициона Банка

2. Акционерите **правни лица** кои имаат право на дивиденда за 2022 година, а кои сакаат дивидендата да им биде исплатена на платежна сметка различна од минатата година, како и новите акционери со право на дивиденда за 2022 година, се повикуваат да доставаат ажурирани податоци за активна платежна сметка и документ од соодветен регистар на правни лица каде е регистрирано правното лице, не постар од три месеци или Решение за регистрација на даночен обврзник од УЈП на РСМ (за правни лица нерезиденти) најдоцна до 28.05.2023 година по пошта или во просториите на ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ на следнава адреса:

ЦЕНТРАЛЕН ДЕПОЗИТАР ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Кузман Јосифовски Питу 1, 1000 Скопје, Македонија

Телефон за контакт: +389 2 3299800

e-mail cdhv@cdhv.mk

**<u>НАПОМЕНА:</u>**

Согласно одредбите од позитивните прописи на Република Северна Македонија, Банката како исплатувач на доход по основ на дивиденда, од бруто износот определен за дивиденда:

- ќе задржи и уплати персонален данок на доход за физичките лица (резиденти и нерезиденти) и
- ќе задржи и уплати данок по задршка за правни лица, нерезиденти.

Со почит,
**Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**
**Управен одбор**

УНИВЕРЗАЛНА ИНВЕСТИЦИОНА БАНКА СКОПЈЕ 8